**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**
**НА ПОЛЕТО НА ТРУДОВОТО ПРАВО, ПАЗАРОТ НА ТРУД И БОРБАТА ПРОТИВ НЕПРИЈАВЕНАТА РАБОТА**
**ПОМЕЃУ**
**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**И**
**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА**

Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика на Република Бугарија (понатаму означени како “Страните”),

Потврдувајќи го нивниот интерес за зајакнување на билатералната соработка меѓу двете земји,

Со желба за проширување и зголемување на соработката на полето на трудовото право, пазарот на труд и борбата против непријавената работа,

Согласно постоечките закони и регулативи во двете земји;

Се договорија за следното:

**Член 1**

Страните ќе соработуваат на полето на трудовото право, пазарот на трудот и борбата против непријавената работа.

**Член 2**

Страните ќе разменуваат документи и информации во врска со законските регулативи и нивните измени и дополнувања и реципрочно ќе разменуваат експерти со цел да имаат корист од искуствата на другата страна на теми кои се однесуваат на долунаведените прашања:

а) хармонизација на трудовото законодавство;
б) примена на законодавството во однос на мирно решавање на работните спорови;
в) заштита на вработените од вознемирување на работното место;
г) учеството на вработените, преку нивните претставници во управувањето на компаниите;

д) размена на искуства поврзани со социјалниот дијалог и колективните договори на гранково ниво и на ниво на работодавач;

ѓ) размена на искуства поврзани со сезонска работа и политики и мерки за олеснување и превенција од непријавената работа;

е) размена на искуства со Инспекторатот за труд поврзани со спроведувањето на инспекцискиот надзор, со цел надминување на состојбите со неформалното вработување и законските решенија во таа насока;

ж) спроведување на координирани заеднички инспекции меѓу Државниот инспекторат за труд на Република Македонија и на Инспекторатот за труд на Република Бугарија;

з) видови на активни политики за вработување на долгорочно невработените лица, младите и ранливите групи на граѓани;

ѕ) спроведување на активни политики и програми за вработување, со користење на средства од Европскиот Социјален Фонд;

и) методи за мерење на ефективноста на активните програми за вработување;

ј) размена на искуства и експерти од областа на трудовата миграција и интеграција на имигранти.

**Член 3**

Страните одлучија да формираат Заедничка Работна Комисија за следење на спроведувањето на овој Меморандум, составена од три членови од секоја Страна.

**Член 4**

Страните, пред крајот на месец јуни на секоја година, треба да се информираат меѓусебно за програмита на посетите, со цел да се олесни одредувањето на програмата поврзана со активностите за следната година во однос на размената на експерти уредено во член 2 од овој Меморандум.

Координацијата во врска со спроведувањето на соработката за прашањата за документацијата, информирањето и размената на експерти помеѓу Страните ќе биде направена:

- За Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, од страна на Секторот за труд и Државниот инспекторат за труд.
- За Министерството за труд и социјална политика на Република Бугарија, од страна на Директоратот за европски прашања и меѓународни односи.

**Член 5**

Сместувањето, храната и патните трошоци на членовите на делегациите ќе бидат подмирени од страната испраќач.

**Член 6**

Споровите кои би можеле да произлезат од толкувањето на овој Меморандум ќе бидат решени преку консултации и преговори помеѓу Страните.

Овој Меморандум може да биде изменет и дополнет со взаемна согласност на Страните, по пат на дополнителни протоколи. Усогласените дополнителни протоколи ќе се сметаат за составни делови на Меморандумот и ќе влезат во сила согласно постапката уредена со член 7 .

**Член 7**

Овој Меморандум ќе стапи на сила на денот на приемот на последното известување со кое Страните ќе се информираат меѓусебно за комплетирањето на националните процедури, потребни за стапување на сила.

Овој Меморандум се склучува за период од две години и автоматски ќе биде обновуван за дополнителни двогодишни периоди доколку ниту една од Страните ја извести другата за својата намера да го раскине овој Меморандум, најмалку три (3) месеци пред датумот на неговото истекување.

Престанокот на овој Меморандум нема да влијае на активностите и проектите кои се веќе во тек или се извршуваат.

Потпишано во ....Софија...., на ....25.11.....2014 година во два оригинални примерока, од кој секој на официјалните јазици на двете држави –на македонски јазик согласно Уставот на Република Македонија, на бугарски јазик согласно Уставот на Република Бугарија, и на англикси јазик, при што сите текстови се еднакво автентични. Во случај на разлики во толкувањето на Меморандумот, ќе преовлада текстот на англиски јазик.

**Во име на**
**Министерството за труд и социјална политика**
**на Република Македонија**

**Министер,**

**Диме Спасов**

**Во име на**
**Министерството за труд и социјална политика**
**на Република Бугарија**

**Министер,**

**Иваило Калфин**